# ПОЛИТИКА НА КВАЛИТЕТ

**Поаѓајќи од принципите „Солидарни, Совесни, Сплотени – Посилни од Дијабетесот “ и „Лицата со дијабетес не се поразлични – да се бориме заедно“, Сојузот на здруженија на дијабетичари на:**

**- Подигнување на свеста кај граѓаните за дијабетесот;**
**- Учество во реализација на Националната програма за дијабетес;**
**- Унапредување на едукацијата, мотивацијата и превенција од дијабетес;**
**- Јакнење на капацитетите на здружнијата во СЗДСМ;**
**- Институционално зајакнување на СЗДСМ**

**Со цврста определба за успех во спроведувањето на главните цели, СЗДСМ се стреми кон спроведување на планираните активности за развој што водат кон вистински, значаен и траен придонес во подобрувањето на квалитетот на животот на лицата со дијабетес и нивните семејства.**

**Во својата работа, согласно Статутот на СЗДСМ ги применува принципите, на транспарентност, професионалност, одговорност и етичност кон сите поединци, организации, компании и институции што ги користат услугите на сојузот.**

**Посветена на континуираното подобрување на своите капацитети СЗДСМ сериозно и одговорно пристапува кон секој проект и активност во интерес на јавното здравје, особено на хронично болните лица со дијабетес.**

**Взаемната почит, тимската работа и градењето на партнерства се двигатели на активностите на сојузот насочени кон подобрување на животот на лицата со дијабетес и нивните семејства.**